Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2021 година

### 1.Цели

Основни цели на оваа Програма за поддршка на активностите на НВО секторот во 2021 година се:

- создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи,

-давање поддршка на проекти со коишто ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани,

- афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

### 2.Активности

Во 2021 година општината ќе ги поддржи следните активности на НВО секторот, и тоа:

| Ред. Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства од Буџетот на О.Гевгелија за 2021 г. |
|---|---|---|---|
| 1 | ЗГ „СПАС ЗА НАС“- Гевгелија | - Кожуф Планина –заштитено подрачје,<br>- Локални ѓубришта,<br>-Пошумување: "Засади иднина" | 10.000 ден. |
| 2 | ЗГ "Смоквица"- Гевгелија | -Курбан од црквата за св.Димитрија (три настани),<br>-Традиционална смоквичка вечер. | 10.000 ден. |
| 3 | Здружение на лица со телесен инвалидитет "МОБИЛНОСТ"- Гевгелија | -Набавка на справи за вежбање,<br>-Набавка на комбе за транспорт на лица со количка,<br>-Одбележување на 3-ти Декември.... | 10.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Здружение за спорт и рекреација на инвалиди - Гевгелија | -Набавка на копје, ѓуле и диск..., -државно првенство во атлетика...., -тренинг и натпревар во пинг-понг за инвалиди. | 10.000 ден. |
| 5 | Здружение на пензионери на општина Гевгелија | -Регионални и републички спортски игри, -Манифестација: "Пензионерите пеат"... | 30.000 ден. |
| 6 | Здружение на слепи лица - Гевгелија | -дводневна екскурзија во Охрид | 10.000 ден. |
| 7 | Организација на жени – општина Гевгелија | -Заработи од купеното Дигитален маркетинг + мотиватор | 10.000 ден. |
| 8 | Национална алијанса за лица со посебни потреби-Гевгелија | -Индивидуални третмани – физиотерапија и кинезитерапија, - Индивидуални третмани во соба за сензорна интеграција... | 50.000 ден. |
| 9 | Асоцијација за пулмонална хипертензија „АРКА ЗА СИТЕ“-Гевгелија | -Организација на хуманитарни акции за собирање на храна и хигиенски средства | 10.000 ден. |
| 10 | Асоцијација за пулмонална хипертензија "МОМЕНТ ПЛУС" | -Подобрување на негата и третманот во лекувањето на ПХ, -Кампања за подигање на јавната и институционалната свест за постоењето на ПХ | 10.000 ден. |
| 11 | Здружение на глуви и наглуви лица- Гевгелија | - Организација на културна и спортска активност за 8-ми март, -Барање средства за компјутер и принтер... | 10.000 ден. |
| 12 | Регионален центар за одржлив развој - Гевгелија | -Програма за развој на граѓанскиот сектор, -Програма за поттикнување на младинскиот активизам, -Програма за развој на локалната демократија. | 20.000 ден. |
| 13 | ЗГ "Нектар"-Гевгелија | -Регионално унапредување и популаризација на пчеларството...... | 10.000 ден. |
| 14 | ЗГ „Македонска пчела“- Негорци | -Негорски пчеларски собир.... - Четири работилници за вовед на децата во пчеларството.... | 10.000 ден. |
| 15 | Спа и велнес асоцијацијација на Македонија | -Започни кариера професионален масер, -Започни кариера професионален фитнес инструктор (ниво 3), -Сертификација на Програмата за масер во германската асоцијација | 20.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **16** | **Општински противпожарен сојуз-Гевгелија** | **-Организирање на квиз натпревари, Организирање на регионален квиз натпревар, Изготвување на информативен пропаганден материјал....** | **10.000 ден.** |
| **17** | **ЗГ "ЧЕЈНЏМЕЈКЕРС"-Гевгелија** | **- Зелен град- ден за садење дрвја, 0 отпад – организација на селектирање и рециклирање отпад, -Сакам да дишам – мапирање на индустриски загадувачи,** | **40.000 ден.** |
| **18** | **ЗГ Кинолошко друштво „Кожуф“-Гевгелија** | **-Меѓународна изложба на сите раси кучиња, -Тековна работа.....** | **20.000 ден.** |
| **Вкупно:** | | | **300.000 ден.** |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа Програма општината ќе ги поддржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма ДО.

**4**. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-401/1
26.02.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**